# Национална дебата за државните позиции во меѓународните односи: Погледите на граѓаните за евроатлантската интеграција на Северна Македонија

Институт за европска политика, Скопје

НАЦИОНАЛНА ДЕБАТА ЗА ДЕМОКРАТИЈА

NED NATIONAL ENDOWMENT FOR DEMOCRACY
SUPPORTING FREEDOM AROUND THE WORLD



Кратка анализа
на јавната политика

# Национална дебата за државните позиции во меѓународните односи: Погледите на граѓаните за евроатлантската интеграција на Северна Македонија



Издавач:
Институт за европска политика - Скопје

Графички дизајн:
Релатив

Октомври, 2024 г.

Овој документ се темели на резултатите од четвртата Национална дебатна анкета одржана во Јули 2024 во рамки на проектот „Поттикнување анализа на политики и јавна дебата 3.0“, кој го спроведува Институтот за европска политика (ЕПИ) – Скопје во соработка со Универзитетот Стенфорд од САД, а е финансиран од страна на Националната фондација за демократија (НЕД) од САД. Содржината на овој документ на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите и гледиштата на Институтот за европска политика и на Националната фондација за демократија (НЕД) од САД.

# Содржина


1. Вовед....................................................4

2. Клучни сознанија од националната дебатна анкета....................................6
   - 2.1. Разбирањето на надворешната политика..........................................7
   - 2.2. Погледи за интеграцијата во ЕУ и усогласувањето со ЗНБП........9
   - 2.3. Погледи за членството во НАТО и националната безбедност......11

3. Заклучоци и препораки......................12




# 1. Вовед

Надворешната политика на земјата е од централно значење за нејзините напори напори да го обезбеди своето место во меѓународната заедница. Од прогласувањето на независноста, Северна Македонија е насочена кон интеграција во евроатлантските структури, како што се Европската унија (ЕУ) и НАТО (Организацијата на северноатлантскиот договор) Остварувањето[1] на членството во НАТО во март 2020 година претставуваше значајна пресвртница, зајакнувајќи ја безбедноста и стратешкото усогласување на земјата, додека членството во ЕУ останува долгорочна цел.[2]

На денешната меѓународна сцена, разбирањето на јавните гледишта за овие надворешнополитички усогласувања е поважно од кога и да е. Додека Северна Македонија продолжува по својот пат кон пристапување кон ЕУ и ги исполнува своите обврски како членка на НАТО, важно е да се осигура дека овие напори ги одразуваат и ги третираат грижите и ставовите на нејзините граѓани. Увидот во јавното мислење помага во развојот на политики кои ефикасно ги поддржуваат меѓународните цели на земјата, и притоа уживаат широка домашна поддршка. Политиките кои се одразуваат и одговараат на ставовите на граѓаните се од клучно значење за јакнење на легитимитет.

1 НАТО Членство, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија https://www.mfa.gov.mk/mk/page/7/nato-chlenstvo.

2 'Членство во ЕУ, Министерство за надворешни работи и надворешна трговија https://www.mfa.gov.mk/mk/page/6/eu-chlenstvo.




За ефикасно мерење и разбирање на ставовите на јавноста, Институтот за европска политика (ЕПИ) - Скопје спроведе дебатна анкета, посебна форма на политичка консултација, првпат воведена од Лабораторијата за делиберативна демократија (поранешен Центар за делиберативна демократија) при Универзитетот Стенфорд од САД. Овој метод ги комбинира традиционалните истражувања на јавното мислење со информирана јавна дискусија, со цел да открие како јавното мислење може да се промени кога на граѓаните ќе им се даде можност темелно да се вклучат во некоја тема. Учесниците се анкетираат за специфични прашања пред и по учеството на меѓусебни исцрпни дебати, како и со експерти и политичари, што овозможува анализа на тоа како мислењата може да се променат кога учесниците ќе станат поинформирани и поангажирани.[3]

3 „Што е дебатна анкета?“, ('What Is Deliberative Polling®?'), Stanford Deliberative Democracy Lab, https://deliberation.stanford.edu/what-deliberative-pollingr.

Делиберативниот процес започна со првична анкета, спроведена помеѓу 27 мај и 14 јуни 2024 година, која опфати национално репрезентативен примерок од 1001 возрасен испитаник од цела Северна Македонија. Оваа првична анкета содржеше прашања за широк спектар на познавања и ставови на испитаниците, меѓу кои 67% Македонци, 24,6% Албанци и 8,4% од други етнички групи.

Пред настанот, на учесниците им беа дадени балансирани информативни материјали прегледани од страна на релевантни експерти за да се осигура дека информациите се непристрасни и објективни. Овие материјали послужија како основа за дискусиите за време на настанот. На 6 и 7 јули 2024 година се одржа дводневна дебата, на која учествуваа 135 испитаници во темелни дискусии за надворешната политика на Северна Македонија, со посебен осврт на нејзиното усогласување со Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ и членството во НАТО. За време на настанот, учесниците разговараа со експерти и политичари за понијансирано да ги разберат прашањата кои беа предмет на дискусија. По настанот, учесниците повторно ја пополнија првичната анкета, за да се измерат промените во нивните гледишта за дебтните теми, при што испитаниците беа составени од 82,2% Македонци, 14,6% Албанци и 3,2% од други етнички групи.

Овој краток документ за политики ги сумира наодите од дебатната анкета, давајќи сеопфатен преглед на тоа како јавното мислење се развива кога граѓаните се впуштаат во информирани дискусии за сложени надворешни политички теми. Врз основа на овие сознанија, извештајот нуди практични препораки насочени кон усогласување на меѓународните стратегии на Северна Македонија со јавното мнение и поттикнување подлабоко разбирање за истите меѓу граѓаните.

# 2. Клучни сознанија од националната дебатна анкета

Со текот на годините, надворешната политика на Северна Македонија во голема мера била дефинирана од нејзиниот стремеж кон членството во ЕУ и НАТО. Овој двоен фокус ја одразува пошироката стратешка ориентација кон Западот, насочена кон зацврстување на демократските институции на земјата, подобрување на економскиот раст и обезбедување на стабилна иднина во сложен регионален контекст. Сепак, патот кон подлабока интеграција бара не само широка поддршка од јавноста, туку и темелно разбирање на обврските и предизвиците кои доаѓаат со тоа. Ова вклучува запознавање на граѓаните со посложените политики како што е ЗНБП на ЕУ и зошто усогласувањето на надворешната политика на Северна Македонија со онаа на ЕУ е неопходно за процесот на интеграција.

Користејќи го делиберативниот метод на истражување, целта беше да се забележи дали изложеноста на сеопфатни и непристрасни информации ќе доведе до промени во јавното мислење. Сепак, анализата покажува дека во неколку области, ставовите на учесниците останале во голема мера конзистентни.

Пред дебатата, 68% од учесниците изразија силен интерес за надворешната политика и националната безбедност, при што нивото на ангажираност останало стабилно (со просечни оценки од 7,92 пред и 8,00 по дебатата). Ова укажува дека интересот на учесниците за овие прашања бил цврст и не се променил значително од дебатата.

Во однос на Европската унија, повеќето учесници првично имаа позитивно мислење (68,8%). Иако имаше мало намалување на позитивното расположение и поддршката за интеграцијата на Македонија во ЕУ по дебатата, овие промени не беа статистички значајни (со просечни вредности од 7,73 пред дебатата и 7,19 по дебатата). Дополнително, запознаеноста на учесниците со заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ не забележа подобрување, што укажува на тешкотии во подобрувањето на јавното разбирање на сложените политички прашања, дури и преку информирана дискусија.

Поддршката за членство во НАТО остана стабилна на 71,8% пред дебатата, без значителни варијации забележани по дебатата. Економскиот раст остана истакнат како примарна придобивка од членството во ЕУ и НАТО.

***Според Вас, кои мислите дека се главните придобивки од членството на Северна Македонија во ЕУ и НАТО?***



Иако дебатата даде вредни информации и ја поттикна дискусијата, таа не ги промени значително основните ставови на учесниците во однос на надворешната политика, интеграцијата во ЕУ и членството во НАТО. Овој резултат го одразува фактот дека темите како што се интеграцијата во ЕУ и членството во НАТО често се опфатени во јавниот дискурс, што ги води граѓаните да имаат добро утврдени мислења. Спротивно на тоа, посложените прашања, како што е ЗНБП на ЕУ, се помалку истакнати и помалку темелно објаснети на јавноста. Еден дебатен настан може да не биде доволен за значително подобрување на запознаеноста со таквите нијансирани теми, особено кога тие се спорни и склони кон политизација. Овој предизвик не е единствен во нашиот контекст; исто така се забележува и во самата ЕУ, каде што напредокот во подлабоката интеграција на надворешната политика е ограничен поради она што експертите го опишуваат како "замка на политизацијата".[4] Истата студија, исто така, укажува дека јавното мислење за ЗНБП во рамките на ЕУ е повеќе под влијание на суштински аргументи отколку на идеолошки припадности.[5] Ова пак укажува на тоа дека природата на дебатата, особено способноста да се пренесат суштински елементи, е од клучно значење за обликувањето на јавните ставови и избегнувањето на политизацијата на таквите комплексни политики. Затоа, за да се постигне подлабоко и потрајно влијание, треба да се преземат почести и сеопфатни едукативни иницијативи кои ќе ги направат јавните дискусии суштински и информативни.

4 Давиде Ангелучи и др. „Јавното мислење Заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија: Дали постои ризик од политизација?", (Davide Angelucci et al., 'Public Opinion and the European Foreign and Security Policy: Is There a Risk of Politicisation?', JOINT Research Papers, бр. 25 (април 2024г. ), https://www.jointproject.eu/wp-content/uploads/2024/04/joint_rp_25.pdf.

5 Ангелучи и др. (Angelucci et al).

## 2.1 Разбирањето на надворешната политика

Надворешната политика често се гледа како висока политика, домен кој традиционално е резервиран за политичките елити и експерти поради неговата комплексна природа и далекусежни импликации.[6]

Сложеноста на дипломатските преговори, меѓународните договори и стратешките сојузи најчесто е надвор од секојдневието и грижите на обичните граѓани, што им отежнува целосно да ги разберат или чувствуваат поврзаност со овие прашања. Оваа неповрзаност може да резултира со недостаток на јавен ангажман или интерес за надворешната политика, зајакнувајќи ја перцепцијата дека тоа не е директно релевантно за нивниот секојдневен живот.

Првично, нешто повеќе од половина од испитаниците (51,1%) веруваа дека надворешната политика на Северна Македонија влијае на нивниот секојдневен живот, додека сличен беше и процентот (47,6%) на тие кои го мислеа спротивното. Сепак, по дебатата, имаше значајна промена во перцепцијата. Просечните вредности се зголемија од 5,78 пред дебатата на 7,04 по неа, што укажува дека дебатата значително ја зголемила свесноста за влијанието на надворешната политика врз секојдневниот живот. Ова укажува дека, иако граѓаните не секогаш ги препознаваат непосредните ефекти од надворешната политика, информираните дискусии можат да го подобрат разбирањето за нејзината важност во секојдневието.

6 Кристијан Опиц, Хана Фајфер и Ана Гејс „„Вклучување со јавното мислење на микро-ниво: Дијалог со граѓаните и учество во германската надворешна политика". (Christian Opitz, Hanna Pfeifer, and Anna Geis, 'Engaging with Public Opinion at the Micro-Level': Citizen Dialogue and Participation in German Foreign Policy'), Foreign Policy Analysis 18, бр. 1 (2022), https://academic.oup.com/fpa/article/18/1/orab033/6414434.

***На скала од 0 до 10, каде 0 означува воопшто не влијае, 10 означува многу влијае, дали надворешната политика на Северна Македонија влијае врз Вашиот секојдневен живот?***




Пред настанот, големо мнозинство од испитаниците (74%) веруваа дека регионалната стабилност и соработката со соседните земји се од исклучителна важност за иднината на Северна Македонија, а дополнителни 12% сметаа дека тоа е важно. Само за мал процент (13,5%) овие аспекти беа помалку важни. По настанот, ставовите на учесниците на оваа тема останаа исти, без статистички значајни промени. Просечните вредности беа 8,87 пред дебатата и 8,59 потоа, што укажува на тоа дека учесниците веќе имаа силни и стабилни ставови за важноста на регионалната соработка.

Дополнително, од испитаниците беше побарано да ја оценат важноста на различните стратешки цели за Македонија. Пред дебатата, имаше силна поддршка за соработка во меѓународните организации (84,8%), посветеност на стабилен и просперитетен регион (83,3%) и промовирање на интересите на земјата на меѓународната сцена (81%). Членството во Европската Унија и НАТО исто така се сметаше за важно од 75,9% и 74,3% од испитаниците, соодветно. По дебатата, мислењата на учесниците за овие цели останаа во голема мера непроменети, со само мало, незначително намалување на поддршката за членството во ЕУ.

***Што претставува надворешна политика на една држава?***




Овие наоди откриваат дека граѓаните на Северна Македонија имаат силно основно разбирање на надворешната политика на нивната земја, особено во областите како што се регионалната стабилност, меѓународната соработка и стратешкото усогласување со ЕУ и НАТО. Нивните ставови за овие теми се длабоко вкоренети, што беше потврдено и од минималните промени во мислењето пред и по дебатата. Сепак, значајното зголемување на свеста за тоа како надворешната политика влијае врз секојдневието покажува дека иако граѓаните можат да бидат добро запознаени со широките стратешки цели, сепак постои потенцијал да се продлабочи нивното разбирање за директните импликации на одлуките на надворешната политика. Вклучувањето на граѓаните во дискусии кои ја поврзуваат надворешната политика со опипливи резултати може дополнително да го зајакне нивното разбирање на овие сложени прашања, правејќи ги поинформирани учесници во демократските процеси.

## 2.2 Погледи за интеграцијата во ЕУ и усогласувањето со ЗНБП

Како кандидат за членство од 2005 година, Северна Македонија е на цврст пат кон членство во Европската Унија, со напори насочени кон исполнување на критериумите утврдени во процесот на пристапување. Еден од условите на процесот на пристапување кон ЕУ е усогласување со Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ (ЗНБП.[7] Ова усогласување е од клучно значење за Северна Македонија, бидејќи ја покажува нејзината посветеност кон вредностите на ЕУ и подготвеност да придонесе за регионалната и глобалната стабилност.

Пред дебатата, мнозинството од испитаниците, 65% (43,9% целосно запознаени, 21,1% донекаде запознаени), изјавија дека се запознаени со чекорите што Северна Македонија треба да ги преземе за да постигне полноправно членство во ЕУ. Сепак, 34,4% од испитаниците (20,6% не се запознаени, 13,8% воопшто не се запознаени) не биле запознаени со овие чекори. По дебатата, немаше статистички значајна промена во нивото на запознаеност, што укажува на стабилно, но ограничено разбирање во јавноста.

Мнозинството од учесниците (66,2%) веруваат дека соработката во рамките на политиките на ЕУ придонесува за регионалната и глобалната безбедност, намалувајќи го ризикот од конфликти. Сепак, дел од нив (29,1%) беа резервирани во врска со овој поим, што укажува на поделба во јавното мислење. Понатаму, значителен дел од испитаниците (65,7%) сметаа дека усогласувањето со надворешната политика на ЕУ често бара ставање на интересите на ЕУ над националните, што предизвикува загриженост за потенцијалните компромиси со националниот суверенитет. Исто така, имаше загриженост дека усогласувањето со надворешната политика на ЕУ може да доведе до тензии со земјите кои не ги споделуваат интересите на ЕУ (61,9%). И покрај овие грижи, значителен број граѓани ги препознале придобивките од учеството во заедничките мисии на ЕУ, гледајќи го како начин да се подобри способноста на Северна Македонија да одговори на глобалните закани и да го подобри својот меѓународен статус и влијание (64,4%). Дебатата не доведе до значајни промени во ставовите кон Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ, што укажува дека ставовите на учесниците се цврсти или дека дебатата немала доволно влијание за да ги промени.

***Во која година почнува скрининг процесот за пристапување во Европската Унија?***

***Забележан е значителен раст на процентот на учесници кои ја идентификуваат 2022 година како точен одговор од 17,2% пред дебатаа на 26,7% после дебатата што укажува на јасност по дебатата а и потреба од навремено информирање на граѓаните за клучни процеси во државата.***




7 ‘Заедничка надворешна и безбедносна политика (CFSP) / Заедничка безбедносна и одбранбена политика (CSDP) во Западен Балкан’, (‘Common Foreign and Security Policy (CFSP) / Common Security and Defence Policy (CSDP) in the Western Balkans’) Надворешна акција на Европската унија, (European Union External Action), 16 март 2022г., https://www.eeas.europa.eu/eeas/common-foreign-and-security-policy-cfsp-common-security-and-defence-policy-csdp-western-balkans_en.

Кога беа прашани за специфичните пресвртници во процесот на интеграција на Северна Македонија во ЕУ, како на пример кога на земјата ѝ беше доделен статус на кандидат и кога започна скрининг процесот за пристапување кон ЕУ, значителен број учесници точно ги идентификуваа овие настани. Дебатата имаше позитивен ефект во консолидацијата на знаењето за овие клучни моменти, со мало зголемување на точните одговори по неа.

Дискусијата, исто така, го допре одговорот на ЕУ кон агресијата на Русија против Украина, каде што големо мнозинство од испитаниците правилно ги идентификуваа економските санкции како примарен одговор на ЕУ. Во однос на влијанието на санкциите врз Северна Македонија, повеќе од половина од граѓаните првично веруваа дека санкциите против Русија довеле до зголемување на цените на електричната енергија и други економски последици во земјата. Сепак, по дебатата, имаше значително намалување на ова верување, при што некои учесници станаа несигурни или ги променија своите ставови. Оваа промена укажува дека дебатата обезбедила нови информации или перспективи кои ги поттикнале учесниците да го преиспитаат своето разбирање за ефектите од санкциите. Пред дебатата, мнозинството испитаници (68%) беа критични за тоа како Северна Македонија се справува со економските ефекти од санкциите. Сепак, дебатата имаше влијание врз перцепциите, што доведе до понеутрална оценка за справувањето на владата со ситуацијата (со просечни вредности од 4,32 пред дебатата и 5,20 по неа).

Дебатата ја нагласува потребата од континуиран ангажман и едукативни напори за да се осигура дека јавноста е добро информирана и активно вклучена во критичките дискусии околу иднината на земјата во рамките на ЕУ.

Како заклучок, јавната свест и мислењата за клучните прашања поврзани со интеграцијата во ЕУ и усогласувањето на ЗНБП остануваат мешани. Неизвесноста меѓу јавноста во врска со чекорите потребни за пристапување во ЕУ може да произлегува од засенувањето на билатералните прашања низ годините. Слично на тоа, неизвесноста за санкциите против Русија и нивните ефекти во земјата може да произлегува од противречните информации и претераните тврдења што се присутни во јавниот дискурс. Националната дебата понуди вредна платформа за дискусија, но не ги промени драстично утврдените ставови. Овој резултат ја нагласува потребата од континуиран ангажман и едукативни напори за да се осигура дека јавноста е добро информирана и активно вклучена во критичките дискусии околу иднината на земјата во рамките на ЕУ.

## 2.3 Погледи за членството во НАТО и националната безбедност

Официјалното приклучување на Северна Македонија кон алијансата во март 2020 година беше клучна пресвртница во нејзината посветеност кон колективната безбедност и регионалната стабилност Со станувањето членка на НАТО, Северна Македонија се усогласи со западните одбранбени структури, со цел да ја зајакне својата безбедност и да соработува поблиску со своите сојузници.

Првично, имаше значителна конфузија околу годината кога Северна Македонија официјално се приклучила кон НАТО, при што значителен дел од испитаниците не ја знеа годината. Сепак, по дебатата, знаењето значително се подобри, при што 85,9% од испитаниците точно ја идентификуваа 2020 година како годината на пристапување. Дебатата, исто така, придонесе за подобрување на знаењето за членството на НАТО, при што 85,9% од испитаниците правилно го наведоа бројот на земји-членки по дебатата, во споредба со 79,6% пред неа. Ова сугерира дека дебатата била ефективна во подобрувањето на јавното знаење за алијансата.

***Во која година Северна Македонија стана официјално полноправна членка на НАТО?***

***По одржувањето на дебатата значително се зголемил процентот на испитаници кои ја идентификуваат 2020 година како точен одговор на ова прашање, достигнувајќи 85,9% во споредба со 56,7% пред дебатата, што укажува на јасност по дебатата.***




Кога испитаниците беа прашани за главната цел на НАТО, мнозинството првично ја навеле колективната одбрана против вооружени напади како примарна цел. По дебатата, овој процент се зголеми на 73,3%, покажувајќи појасно разбирање на основната мисија на НАТО. Дополнително, имаше мал пораст на оние кои ја навеле економската соработка како цел на НАТО (од 6,4% на 7,4%), додека перцепцијата дека НАТО првенствено го зајакнува западното влијание се намали (од 17,2% на 9,6%).

Во однос на влијанието на членството во НАТО врз Северна Македонија, мнозинството испитаници се согласија дека тоа ја зајакнува националната безбедност и стандардите за воена обука. Сепак, исто така, имаше загриженост за влијанието на НАТО врз неутралноста на земјата и финансискиот товар. Овие ставови останаа исти пред и по дебатата. Дебатата, исто така, ја расветли променливата улога на НАТО во справувањето со современите безбедносни предизвици. Имено, имаше значително зголемување на бројот на испитаници кои ја препознаа улогата на НАТО во справувањето со киберзаканите и решавањето на климатските промени, со просечни вредности кои се зголемија од 6,88 пред дебатата на 8,5 по дебатата. Ова укажува дека, иако традиционалните ставови за улогата на НАТО остануваат силни, расте јавната свест за неговата проширена улога во справувањето со нетрадиционалните безбедносни закани.

Потребни се напори за решавање на преостанатите проблеми и за обезбедување поцелосно разбирање на улогата и придобивките на НАТО.

Иако дебатата беше ефективна во разјаснувањето на одредени аспекти, како што се целта на НАТО, годината на пристапување на Северна Македонија и бројот на земји-членки, таа исто така ги извади на виделина постојаната несигурност и различните мислења. Зголемувањето на точните одговори за клучните факти за НАТО укажува на значењето на информираните дискусии. Сепак, потребни се напори за решавање на преостанатите проблеми и за обезбедување поцелосно разбирање на улогата и придобивките на НАТО.

# 3. Заклучоци и препораки

Севкупната стабилност на мислењата на учесниците пред и по дебатата сугерира дека многу граѓани имаат цврсто оформени ставови за овие прашања. Прашањата како интеграцијата во ЕУ и членството во НАТО се длабоко вградени во јавниот дискурс, а граѓаните со текот на времето оформиле цврсти мислења. Еден од најзначајните резултати на дебатната анкета беше зголемувањето на свесноста во врска со влијанието на надворешната политика врз секојдневието. Пред дебатата, значителен дел од населението не ја разбираа целосно важноста на одлуките за надворешната политика во нивното секојдневие. Сепак, после настанот, учесниците покажаа зголемено познавање за тоа како надворешната политика, вклучувајќи ја и интеграцијата во ЕУ и членството во НАТО, директно влијаат врз нивните животи. Оваа промена укажува на потенцијалот на информираните дискусии за да се премости јазот помеѓу апстрактните политички прашања и конкретната реалност со која се соочуваат граѓаните. Сепак, и покрај зголемената свесност за влијанието на одлуките за надворешната политика врз секојдневниот живот на граѓаните, останува јасен јаз во разбирањето на процесите поврзани со интеграцијата во ЕУ и што подразбира членството во НАТО. Ова укажува на значењето на вклучувањето на граѓаните во дискусии кои го продлабочуваат нивното разбирање и знаење.

Дебатната анкета откри општа воздржаност кај учесниците целосно да ги прифатат сложените политики на ЕУ, како што е Заедничката надворешна и безбедносна политика (ЗНБП). Ограничената промена во однос на знаењата и ставовите за усогласувањето со ЗНБП укажува на поголема тешкотија да се објаснат сложените аспекти на ваквите политики на јавноста. И покрај пристапот до избалансирани материјали за информирање и дискусии со експерти, сложеноста на овие прашања и распространетоста на погрешни информации и политизацијата веројатно придонесоа кон недоволната промена во јавната перцепција. Резултатите, исто така, укажаа на присутната загриженост кај граѓаните во врска со можните компромиси поврзани со интеграцијата во ЕУ и членството во НАТО. Многу учесници изразија загриженост за можната загуба на националниот суверенитет со станувањето членка на ЕУ и НАТО, како и за финансискиот товар од членството во НАТО. Оваа загриженост, иако не е доминанта, укажува на потребата од потранспарентни и поинклузивни напори за вклучување на јавноста, со цел да се надминат ваквите резерви и да се изгради поширок консензус околу надворешнополитичките цели на земјата.

Севкупно, дебатната анкета јасно покажа дека, иако граѓаните на Северна Македонија генерално ја поддржуваат евроатлантската ориентација на земјата, сепак постои потреба од континуирани едукативни иницијативи и дијалог. Со поттикнување на поинформирани и поангажирани граѓани, и со активно сузбивање на дезинформациите, креаторите на политики ќе обезбедат надворешната политика на Северна Македонија да ги одразува и почитува ставовите на нејзините граѓани, со што ќе се зајакне легитимитетот и ефективноста на меѓународните стратегии на земјата.



## Препораки:

- Да се развијат комуникациски стратегии со кои на граѓаните ќе им го доловат практичното влијание на одлуките за надворешната политика врз нивното секојдневие. Да се потенцира како меѓународните напори, како што се интеграцијата во ЕУ и членството во НАТО, влијаат врз економските можности, безбедноста и социјалните услуги.
- Да се обезбеди владината комуникација за надворешната политика да биде јасна, транспарентна и достапна.
- Да се зајакне партнерството со организациите на граѓанското општество кои се фокусираат на надворешната политика, интеграцијата во ЕУ и безбедносните прашања. Овие организации можат да помогнат во ширењето на информации и да се ангажираат со заедниците низ целата земја.
- Да се организираат јавни консултации и едукативни кампањи кои се фокусираат на специфични прашања од надворешната политика кои имаат директно влијание на граѓаните. Овие иницијативи треба да бидат осмислени така што ќе бидат достапни и релевантни за пошироката јавност.
- Да се спроведат стратегии за борба против дезинформациите во врска со интеграцијата во ЕУ и членството во НАТО. Тука може да се предвидат сервиси  за проверка на факти и јавни кампањи за подигање на свеста со цел промовирање на точни информации.
- Да се спроведуваат редовни истражувања на јавното мислење за да се следат промените во ставовите на граѓаните кон надворешната политика. Овие истражувања треба да се користат за поддршка на политичките одлуки и комуникациските стратегии.

